# МУДИ програма за наставници

Овој прирачник служи како водич за програмата MUDI (Мултидисциплинарен дизајн на обука за родители и наставници за превенција на врсничко насилство), иницијатива финансирана преку Erasmus+, наменета за опремување на наставниците со знаења, вештини и стратегии за спречување и справување со насилството во училиштата. Развиена од меѓународен конзорциум составен од педагози, психолози и истражувачи, оваа програма, заснована на докази, применува мултидисциплинарен пристап за создавање побезбедни и поинклузивни училишни средини, каде учениците се чувствуваат заштитени и поддржани.

MUDI

Co-funded by the European Union



# Преглед на проектот МУДИ

## Европска соработка

MUDI е координиран од Институтот за средно образование „Ајнштајн де Лоренцо“ -Потенца (Италија), со партнерски организации од Турција, Македонија, Полска, Романија, Холандија и Франција.

## Активности од проектот

Проектот опфаќа истражување и собирање податоци, развој на обука, работилници, изработка на едукативни материјали и кампањи за подигање на свеста со цел спротивставување на насилството.

## Финансирање

Финансиран од Европската комисија (проект бр. 2023-1-IT02-KA220-SCH-000165248) под лиценца Creative Commons Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 International.

Проектот обединува училишта, универзитети и општествени организации кои соработуваат во развојот на структуирани едукативни програми што поттикнуваат свесност, ја унапредуваат комуникацијата и нудат практични стратегии за интервенција против насилството.

# Автори и соработници

Оваа програма е дизајнирана под координација и надзор на универзитетски професор  доктор Клаудија Јулијана Јакоб и универзитетски професор доктор Руксандра Фолостина од Универзитетот во Букурешт, Романија.

## Универзитетот во Букурешт

Апостол Малина-Андреа

Арсене Андреа

Булилет Мируна Елена

Чиву Корина-Габриела

Чобану Роксана Јоана

Константинеску Андреа

Гаврил Тиа

Григореску Михаела-Кармина

Јонита Кармен-Даниела

Попа Ангелика

Попеску-Виеру Аријана

Шербан Андреј

Сима Андреа-Бјанка

Циру Кателина-Мариана

Влад Дениса-Андреа

Власчану Штефанија

## Образовни институции

Амура Фауста & Уљано Симона (Институт за средно образование „Ајнштајн  де Лоренцо“ -Потенца ,Италија)

Бачиќ Ирена (Гимназија„Св. Климент Охридски“ – Охрид, С. Македонија)

Џерит Гулден – Анадолска гимназија „Џумхуријет“ (CAL)

Валас Беата – Четврто средно училиште со елитни спортски одделенија „ Морнари  од граничната стража“

Јурек Исмет – Анадолска гимназија „Наиле Мехмет Али Ујаник“ (NAMAL)

## Општествени организации

Халач Умут & Халач Јасемин  –Здружение за социјално претприемништво

Оваа публикација ги отсликува само ставовите на авторите, и Европската комисија не може да се смета за одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.

Лиценцирано под Creative Commons Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 International.

# Фокус и пристап на програмата

## Раководење со наставниот час

Практични алатки за воспоставување стратегии на позитивна дисциплина и поттикнување на безбедна училничка средина.

## Релации помеѓу наставникот и ученикот

Зајакнување на комуникацијата и емоционалната достапност за градење доверба и поттикнување на отворени разговори.

## Стратегии за интервенција

Обука за препознавање, реагирање и превенција на случаи на насилство, со обезбедување навремена интервенција и поддршка.

---

## Како да се користи  прирачникот

Овој прирачник може да се користи индивидуално од наставниците кои сакаат да го продлабочат своето разбирање за врсничкото насилството, во рамки на работилници за професионален развој, организирани од училишните раководители  или како дел од сеопфатна училишна иницијатива за спречување на насилството, каде што наставниот кадар соработува за спроведување на стратегиите.

### Структура на обуката

Сесиите можат да се одржуваат во училишта, центри  за обука или онлајн, предводени од училишни педагози и психолози или обучени професионалци, со идеален број на учесници од 8 до 20 наставника.

### Формат на сесијата

Секоја сесија треба да трае од 90 минути до 2 часа, овозможувајќи дискусии, вежби базирани на сценарија и време за рефлексија.

### Совети за водење на сесијата

Поттикнувајте активно учество, создадете безбедна средина за споделување, вклучете активности со улоги, обезбедете ресурси и следете го  напредокот по сесиите.



# Распоред на обуката и распределба на времето

| Модули: | Препорачано траење: |
|---|---|
| Модул 1: Разбирање на насилството во училиште | 1 session (2 hours) |
| Модул 2: Развојни карактеристики на адолесцентите и препознавање на насилнички однесувања | 2 sessions (4 hours) |
| Модул 3: Училишни политики и национални рамки за спречување на насилство | 1 session (2 hours) |
| Модул 4: Управување со одделенска настава и позитивна училишна клима | 2 sessions (4 hours) |
| Модул 5: Социјално-емоционално учење (SEL) и креативни методи | 2 sessions (4 hours) |
| Модул 6: Методот KiVa во спречување на насилство | 1 session (2 hours) |
| Модул 7: Стратегии за интервенција за наставници | 1 session (2 hours) |
| Модул 8: Системи за поддршка меѓу врсници | 2 sessions (4 hours) |
| Модул 9: Справување со сајбер-насилство во училишта | 1 session (2 hours) |
| Модул 10: Поддршка на жртвите на насилство и градење на отпорност | 1 session (2 hours) |
| Модул 11: Примерни работилници за активности против насилство | 1 session (2 hours) |
| Модул 12: Евалуација и следење | 1 session (2 hours) |

Вкупното препорачано траење е околу 12 недели, со сесии еднаш неделно или на секои две недели. Овој распоред овозможува опфатно покривање на сите модули, при што училиштата имаат флексибилност да ја прилагодат обуката според своите специфични потреби и ограничувања.

# Краток преглед на модулите:

## Разбирање на насилството / булинг

Модул 1 го запознава наставниот кадар со различните видови насилство—физичко, вербално, релациско и сајбер-насилство—и нивното влијание врз учениците. Наставниците учат за застапеноста на насилството, улогите на насилниците, жртвите и сведоците, како и за вообичаените митови и погрешни сфаќања.

## Развој на адолесцентите

Модул 2 ја истражува врската помеѓу психолошкиот, емоционалниот и социјалниот развој на адолесцентите и насилничкото однесување. Наставниците учат да разликуваат нормални конфликти меѓу врсници од насилство и да го разберат влијанието на родовите стереотипи.

## Политики и рамки

Модул 3 ги опфаќа националните и меѓународните политики за спречување на насилство, законските обврски на наставниците и стратегии за развивање на сеопфатни училишни политики против насилство, со воведување на Пристапот на Севкупно Училиште (Whole School Approach).

## Раководење со наставниот час

Модул 4 нуди стратегии за поттикнување на позитивни односи помеѓу наставникот и ученикот, поставување јасни правила во училницата, промовирање на социјално-емоционалното учење (SEL), користење ефективни распореди на седишта и спроведување техники за навремена интервенција.

## Модул 5: Социјално-емоционално учење (SEL)

Овој модул се фокусира на развивање емпатија, комуникациски и вештини за решавање конфликти преку наставни планови базирани на SEL, активности со улоги и користење на литература и раскажување приказни за поттикнување дискусии за насилството.

## Модул 6: Методот KiVa во спречување на насилство

Наставниците се запознаваат со овој метод за спречување на насилство базиран на истражување, развиен во Финска, вклучувајќи како да се спроведуваат KiVa наставни часови насочени кон превенција на насилство и интервенции предводени од наставникот кога се јавува насилство.

## Модул 7: Стратегии за интервенција

Овој модул нуди чекор-по-чекор пристап кон интервенцијата, вклучувајќи препознавање на предупредувачки знаци, користење техники за смирување, примена на практики на ресторативна правда и соработка со советници и родители.

## Модул 8: Системи за поддршка меѓу врсници

Наставниците учат како да воспоставаат ученички комисии за спречување на насилство, да обучуваат врснички ментори и медијатори, да поттикнуваат стратегии за интервенција на сведоците и да развиваат инклузивни активности во училницата кои промовираат почит и емпатија.




## Справување со Сајбер-насилство

Модул 9 им помага на наставниците да ги разберат динамиките на сајбер-насилството и предупредувачките знаци, да ги едуцираат учениците за одговорно дигитално однесување, да спроведат училишни политики за онлајн безбедност и да им обезбедат поддршка на учениците кои доживуваат онлајн вознемирување.



## Поддршка на жртвите и градење отпорност

Модул 10 дава насоки за препознавање на учениците кои се во ризик, обезбедување емоционална и психолошка поддршка за учениците кои се жртви на насилство, учење техники за градење отпорност и развивање на мрежа за поддршка во рамките на училиштето.

## Модул 11: Примери за работилници за активности против насилство

Овој практичен модул нуди подготвени работилници и активности за вклучување на учениците во превенција на насилство. Наставниците учат како да водат интерактивни групни дискусии, да организираат вежби со улоги, да предводат кампањи за подигнување на свеста против насилство и да спроведуваат проекти за кооперативно учење кои промовираат поддршка меѓу врсниците..

Овие практични активности им обезбедуваат на наставниците конкретни алатки кои можат веднаш да ги применат во училниците, правејќи ги апстрактните концепти за превенција на насилство опипливи и разбирливи за учениците.

## Модул 12: Евалуација и Следење

Последниот модул ги води наставниците во поставување мерливи цели за намалување на случаите на насилство, спроведување редовни анкети меѓу учениците и наставниците за оценка на напредокот, воведување систем за известување за следење на случаите на насилство и користење на резултатите од евалуацијата за подобрување на сеопфатните училишни политики против насилство.

Овој систематски пристап кон евалуацијата обезбедува дека активностите за спречување на насилство не само што се спроведуваат, туку и се оценуваат за нивната ефикасност и континуирано се подобруваат.